КОМИТЕТ НА МИНИСТРИ

Заменици Министри Одлуки CM/Del/Dec(2006)964/4.4- 10 мај 2006[1]

---

964-та сесија, 10 мај 2006

# Правила на Комитетот на Министри за надзор на извршувањето на пресудите и пријателските спогодби

(Усвоени од Комитетот на Министри на 10 мај 2006 година на 964-та сесија на замениците Министри и изменети на 18 јануари 2017 година на 1275-та сесија на замениците Министри)

---

## I. Општи одредби

*Правило 1*

1. Со овие Правила се регулираат овластувањата на Комитетот на Министри според членот 46, став 2 и 5, и член 39, став 4, од Европската Конвенција за човекови права.

2. Освен ако не е поинаку предвидено со Правилата, за извршувањето на овие овластувања се применуваат општите правила на Деловникот за работа на сесиите на Комитетот на Министри и замениците Министри.

*Правило 2*

1. Надзорот од Комитетот на Министри на извршувањето на пресудите и условите од пријателските спогодби, во принцип, ќе се врши на посебни сесии за човековите права, чиј дневен ред е јавен.

2. Ако со Комитетот на Министри претседава претставник на висока договорна страна која е страна во предметот кој се разгледува, таквиот претставник ќе се откаже од претседавањето во текот на секоја дискусија по тој предмет.

*Правило 3*

Кога пресудата или одлуката се доставува до Комитетот на Министри во согласност со членот 46, став 2, или членот 39, став 4, од Конвенцијата, предметот без одлагање се става на дневен ред на Комитетот.

---

[1] Со измена од 1257-та сесија на замениците Министри на 18 јануари 2017 (ЦМ/Дел/Дец(2017)1275/4. 1)

*Правило 4*

1. Комитетот на Министри ќе даде приоритет на надзорот над извршувањето на пресудите во кои Судот утврдил постоење на системски проблем во согласност со Резолуцијата Рес(2004)3 на Комитетот на Министри која се однесува на пресуди кои укажуваат на основни системски проблеми.

2. Приоритетот кој се дава на случаевите според став 1 на ова Правило нема да биде на штета на приоритетот на други важни случаи, особено случаи каде утврдената повреда довела до сериозни последици за оштетената страна.

*Правило 5*

Комитетот на Министри усвојува годишен извештај за својата работа согласно член 46, став 2 до 5, и член 39, став 4, од Конвенцијата, кој е јавен и кој се доставува до Судот и до Генералниот Секретар, Парламентарното Собрание и Комесарот за човекови права на Советот на Европа.

## II. Надзор над извршувањето на пресудите

*Правило 6*
*Имформација на Комитетот на Министри за извршувањето на пресудите*

1. Кога, во пресудата која е доставена до Комитетот на Министри во согласност со членот 46, став 2 од Конвенција, Судот утврдил дека е сторена повреда на Конвенцијата или нејзините протоколи и/или е досудена правична отштета на оштетената страна според членот 41 од Конвенцијата, Комитетот ќе ја повика високата договорна страна која е засегната да го информира за мерките кои ги превземала високата договорна страна или за кои има намера да ги превземе по однос на пресудата, имајќи ја предвид нејзината обврска за почитување, согласно членот 46, став 1, од Конвенцијата.

2. При надзорот над извршувањето на пресуда од страна на засегнатата висока договорна страна, во согласност со членот 46, став 2, од Конвенцијата, Комитетот на Министри ќе испитува:

а. дали секоја досудената правична отштета од страна на Судот е исплатена, вклучувајќи и законска камата, ако е така предвидено во предметот; и

б. доколку е потребно, имајќи го во предвид дискреционото право на засегнатата висока договорна страна да го одбере начинот на кој ќе постапи по пресудата, дали се:

1. превземени индивидуални мерки[2] кои ќе обезбедат престанок на повредата, и дека оштетената страна, колку што е можно, да се врати во иста положба во која се наоѓала пред повредата на Конвенцијата;

[2] На пример, бришење на неоправдана кривична пресуда од кривичната евиденција, доделување дозвола за престој или преотварање на домашните оспорени постапки (за оваа последна точка види Препорака Рец(2000)2 на Комитетот на Министри за земјите членки за преиспитување на повторно отварање на определени постапки на домашно ниво следејќи ги пресудите на Европскиот Суд за човекови права, усвоена на 19 јануари 2000 година на 69-та сесија на замениците Министри).

2. донесени општи мерки[3] кои ќе спречат нови слични повреди или онаа која е веќе утврдена или ќе ги отстранат континуираните повреди.

*Правило 7*
*Траење на надзорот*

1. Се додека засегнатата висока договорна страна не достави информација за исплатата на правичната отштета која ја досудил Судот или во врска со одредување на индивидуални мерки, предметот ќе биде на дневен ред на секоја сесија на Комитетот на Министри посветена на човековите права, освен ако Комитетот не одлучи поинаку.

2. Доколку засегнатата висока договорна страна го извести Комитетот на Министри дека сеуште не е во можност да го информира Комитетот дека превзела општи мерки неопходни за постапување по пресудата, случајот повторно ќе биде на дневен ред на сесија на Комитетот на Министри, која ќе се одржи најдоцна за шест месеци, освен ако Комитетот не одлучи поинаку; истото правило ќе се применува и по истекот на овој рок, како и за секој нареден период.

*Правило 8*
*Пристап до информации*

1. Одредбите од ова правило не влијаат на доверливата природа на одлучување на на Комитетот на Министри во согласност со член 21 од Статутот на Советот на Европа.

2. Следните информации ќе бидат достапни за јавноста освен ако Комитетот не одлучи поинаку заради заштита на легитимните јавни или приватни интереси:

а. Податоци и документи кои се однесуваат на оние информации кои високата договорна страна ги доставува до Комитетот на Министри во согласност со член 46, став 2 , од Конвенцијата;

б. Податоци и документи кои се однесуваат на нив, кои оштетената страна, невладините организации или националните институции за унапредување и заштита на човековите права, ги доставуваат до Комитетот во согласност со важечките правила;

3. При донесување на своите одлуки согласно став 2 на ова правило, Комитетот, помеѓу останатото, ќе ги има во предвид:

а. Образложените барања за доверливост кои се поднесени при доставувањето на информации од високата договорна страна, оштетената страна, невладина организација или национална институции за унапредување и заштита на човековите права;

б. Образложените барања за доверливост истакнати од било која друга висока договорна страна на која се однесуваат податоците, без одлагање или најдоцна кога Комитетот за прв пат ќе ја разгледува информацијата за која се работи;

---

[3] На пример, законски или регулаторни измени, измена на судската или управната пракса или објавување на пресудата на Судот на јазикот на тужената држава и нејзина дисеминација спрема засегнатите власти.

в. Интересот на оштетената страна или на трето лице да не се открива нивниот идентитет или било што кое би можело да го открие нивниот идентитет.

4. По секоја сесија на Комитетот на Министри, усогласениот дневен ред презентиран заради надзор над извршувањето, ќе биде исто така достапен на јавноста и ќе се објави заедно со донесените одлуки, освен ако Комитетот не одлучи поинаку. Колку што е можно, и останатите документи доставени до Комитетот, а кои се јавно достапни, ќе бидат објавени, освен ако Комитетот не одлучи поинаку.

5. Во сите случаи во кои на оштетената страна и е дозволена анонимност во согласност со правилото 47, став 3 од Деловникот на Судот; неговата/нејзината анонимност ќе биде сочувана во текот на процесот на извршувањето, доколку тој/таа изрично не изјави дека се одрекува од анонимноста.

*Правило 9*
*Комуникација со Комитетот на Министри*

1. Комитетот на Министри ќе го разгледа секој поднесок поднесен од оштетената страна во врска со исплата на правична отштета или превземање на поединечни мерки.

2. Комитетот на Министри исто така има право да го разгледа секој поднесок поднесен од невладини организации, како и национални институции за заштита и унапредување на човековите права, во врска со извршувањето на пресудите согласно член 46, став 2, од Конвенцијата.

3. Комитетот на Министри исто така има право да разгледува било каков поднесок од меѓународни меѓувладини организации или нивни тела или агенции чии цели и активности вклучуваат заштита и унапредување на човековите права, како што е дефинирано во Универзалната Декларација за човекови права, во смисла на прашањата кои се однесуваат на извршувањето на пресудите според членот 46, став 2, од Конвенцијата, а што спаѓа во нивните надлежности.

4. Комитетот на Министри исто така има право да разгледува било каков поднесок од тело или институција, било како прашање за право или посебна покана од Судот, да интервенира во постапката пред Судот, во врска со извршувањето на пресудите согласно член 46, став 2, од Конвенцијата било во сите случаи (во смисла на Комесарот за човекови права на Советот на Европа) или во оние кои се однесуваат на овластувањата на Судот (во смисла на било која друга институција или тело).

5. Секретаријатот ќе го запознае Комитетот на Министри на соодветен начин за секоја примена информација за ставот 1 од ова Правило.

6. Секретаријатот исто така, за секој примен поднесок согласно ставовите 2, 3 и 4 од ова Правило ќе ја запознае засегнатата држава. Кога државата ќе одговори во рок од пет работни дена, и поднесокот и изјаснувањето на државата се проследуваат до Комитетот на Министри и истите се јавни. Доколку не е доставен одговор во предвидениот рок, поднесокот се доставува до Комитетот на Министри но истиот нема да биде јавно достапен. Ќе биде објавен десет работни дена по известувањето, заедно со секој одговор примен вовој временски рок. Одговорот на државата кој ќе биде примен по овие десет работни дена ќе биде доставен и објавен одвоено, по приемот.

*Правило 10*
*Обраќање до Судот заради толкување на пресуда*

1. Кога, во смисла на член 46, став 3, од Конвенцијата, Комитетот на Министри смета дека е отежнат надзорот врз извршувањето на конечната пресуда заради проблеми во толкувањето на пресудата, Комитетот може да се обрати до Судот за одлучување по прашањето за толкување. За да може наведеното прашање да се проследи, потребна е одлука од двотретинско мнозинство на гласови од претставниците кои имаат право да учествуваат во работата на Комитетот.

2. Одлука за проследување на прашање може да се донесе во секој момент при вршењето на надзорот над извршувањето на пресудите од Комитетот на Министри.

3. Одлука за проследување на прашањата за толкување на пресудите се носи во форма на времена резолуција. Таа мора да биде образложена и да ги изразува различните ставови во рамки на Комитетот на Министри, особено ставот на засегнатата висока договорна страна.

4. Доколку е потребно, Комитетот на Министри пред Судот ќе биде застапуван од неговиот Претседавач, освен ако Комитетот одлучи за поинаква форма на застапување. Ваква одлука се носи со двотретинско мнозинство гласови на претставниците кои гласале и мнозинство гласови на претставниците кои имаат право да учествуваат во работата на Комитетот.

*Правило 11*
*Постапка во случај на повреда на обврските*

1. Кога, во согласност со член 46, став 4, од Конвенцијата, Комитетот на Министри смета дека Високата договорна страна одбива да постапи според конечната пресуда во случај кога таа е една од страните во постапката, Комитетот може, откако претходно ќе упати формална нота кон таа страна, а врз основа на одлука на двотретинско мнозинство на претставниците кои имаат право да учествуваат во работата на Комитетот, да упати прашање до Судот дали засегнатата држава не успеала да ги исполни своите обврски .

2. Постапка во случај на повреда на обврските треба да се покрене само во исклучителни околности. Постапката нема да се покрене доколку засегнатата висока договорна страна не примила формална нота за намерите на Комитетот на Министри за покренување на таква постапка. Таквата формална нота, ултимативно мора да се достави шест месеци пред покренувањето на постапката, освен ако Комитетот не одлучи поинаку, и се дава во форма на времена резолуција.Оваа резолуција ќе биде донесена ако за неа гласале две третини од претставниците кои имаат право да учествуваат во работата на Комитетот.

3. Одлука за обраќање до Судот во врска со ова прашање се носи во форма на времена резолуција. Одлуката мора да биде образложена и да ги изразува конкретно ставовите на засегнатата висока договорна страна.

4. Комитетот на Министри пред Судот ќе биде застапуван од неговиот Претседавач, освен ако Комитетот одлучи за поинаква форма на застапување. Ваква

одлука се носи со двотретинско мнозинство гласови на претставниците кои гласале и мнозинство гласови на претставниците кои имаат право да учествуваат во работата на Комитетот.

## III. Надзор над извршувањето на пријателските спогодби

*Правило 12*
*Информации до Комитетот на Министри за извршување на условите од пријателските спогодби*

1. Кога одлуката се доставува до Комитетот на Министри во согласност со член 39, став 4, од Конвенцијата, Комитетот ќе ја повика Високата договорна страна за која станува збор, да го извести извршувањето на условите од пријателската спогодба.

2. Комитетот на Министри ќе испита дали условите од пријателската спогодба, како што се утврдени во Судската одлука, се исполнети.

*Правило 13*
*Траење на надзорот*

1. Се додека засегнатата висока договорна страна не достави информација за исполнувањето на условите од пријателската спогодба како што е утврдено со одлука на Судот, предметот ќе биде на дневен ред на секоја сесија на Комитетот на Министри посветена на човековите права, или, каде што е соодветно[4], на дневен ред на сесија на Комитетот на Министри,која ќе се одржи не подоцна од шест месеци, освен ако Комитетот не одлучи поинаку.

*Правило 14*
*Пристап до информации*

1. Одредбите од ова Правило не влијаат на доверливата природа на одлучување на на Комитетот на Министри во согласност со член 21 од Статутот на Советот на Европа.

2. Следните информации ќе бидат достапни за јавноста освен ако Комитетот не одлучи поинаку заради заштита на легитимните јавни или приватни интереси:

а. Податоци и документи кои се однесуваат на оние информации кои високата договорна страна ги доставува до Комитетот на Министри во согласност со член 39, став 4, од Конвенцијата;

б. Податоци и документи кои се однесуваат на нив, кои во согласност со важечките правила се доставуваат до Комитетот на Министри од страна на жалителот, невладините организации или националните институции за унапредување и заштита на човековите права.

---

[4] Конкретно, во ситации каде условите од пријателската спогодба вклучуваат постапувања кои, по својата природа, не може да се исполнат во краток временски период, како на пример усвојување на ново законодавсто.

3. При донесување на своите одлуки согласно став 2 на ова правило, Комитетот, помеѓу останатото, ќе ги има во предвид:

а. Образложените барања за доверливост во моментот кога се поднесува информацијата, од страна на високата договорна страна, жалителот, невладина организација или од национални институции за унапредување и заштита на човековите права, кои поднесуваат информации.

б. Образложените барања за доверливост истакнати од било која друга висока договорна страна на која се однесуваат податоците, без одлагање или најдоцна кога Комитетот за прв пат ќе ја разгледува информацијата за која се работи.

в. Интересот на жалителот или трето лице да не се открива нивниот идентитет или било што кое би можело да го открие нивниот идентитет.

4. По секоја сесија на Комитетот на Министри, усогласениот дневен ред презентиран заради надзор над извршувањето, ќе биде исто така достапен на јавноста и ќе се објави заедно со донесените одлуки, освен ако Комитетот не одлучи поинаку. Колку што е можно, и останатите документи доставени до Комитетот, а кои се јавно достапни, ќе бидат објавени, освен ако Комитетот не одлучи поинаку.

5. Во сите случаи во кои на жалителот му е дозволена анонимност во согласност со правилото 47, став 3 од Деловникот на Судот; неговата/нејзината анонимност ќе биде сочувана во текот на процесот на извршувањето, доколку тој/таа изрично не изјави дека се одрекува од анонимноста.

*Правило 15*
*Комуникација со Комитетот на Министри*

1. Комитетот на Министри ќе го разгледа секој поднесок поднесен од жалителот во врска со извршувањето на условите од пријателските спогодби.

2. Комитетот на Министри има право да го разгледа секој поднесок поднесен од невладини организации, како и национални институции за заштита и унапредување на човековите права, во врска со извршувањето на условите од пријателските спогодби.

3. Секретаријатот ќе го запознае Комитетот на Министри на соодветен начин за секоја примена информација за ставот 1 од ова Правило. Истото ќе го стори и во однос на секој поднесок примен во врска со став 2 на ова правило, заедно со секои обсервации на засегнатата делагација/делегации под услов вториве да се доставени до Секретаријатот во рок од пет работни дена од зивестувањето за таквите поднесоци.

## IV. Надзор над извршувањето на пријателските спогодби

*Правило 16*
*Времени резолуции*

Во текот на неговиот надзор над извршувањето на пресуда или условите од пријателска спогодба, Комитетот на Министри може да усвои времени резолуции

особено со цел да се обезбедат информации за состојбата на прогресот од извршувањето или, каде што е соодветно, да изрази загриженост и/или да даде предлози во врска со извршувањето.

*Правило 17*
*Финални резолуции*

Откако ќе утврди дека високата договорна страна ги превзела сите потребни мерки за почитување на пресудата или извршување на условите од пријателската спогодба, Комитетот на Министри ќе усвои резолуција со која ќе заклучи дека своите овластувања според член 46, став 2, или член 39, став 4, од Конвенцијата ги извршил.